Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

ИП1 бр. 29-254
Дата: 19.03.2026 година

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член врз основа на член 52 став 1, а во врска со член 56 став 1 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 215/21, 73/24), член 117 став 2 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 03/25) и член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25, 124/25), во врска со извршениот редовен инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Друштво за производство трговија и услуги НЕВРО-КОМЕРЦ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Андон Шурков бр. 8/46 Велес, со ЕМБС 4871537, ЕДБ 4004994102060, одговорно лице Марко Ѓоргиовски-управител, со адреса на живеење на ул. Христо Татарчев бр. 4/2-1 Велес, ЕМБГ 1910984480008, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-254 од 13.03.2026г. го донесе следното:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за производство трговија и услуги НЕВРО-КОМЕРЦ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Андон Шурков бр. 8/46 Велес, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-254 од 13.03.2026г. и тоа:

1.1 Да ги достави на увид сите податоци од материјалната евиденција за вкупната количина текстил кои се пуштени на пазарот во државата во 2024г. и 2025г., да го плати надоместокот согласно прописите за посебните текови на отпад и да обезбеди потврда за платен надоместок од колективниот постапувач со кој е склучен договор.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

1.2 Да ги достави на увид сите податоци од материјалната евиденција за вкупната количина спакувани стоки кои се пуштени на пазарот во државата во 2024г. и 2025г., да го плати надоместокот согласно прописите за посебните текови на отпад и да обезбеди потврда за платен надоместок од колективниот постапувач.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

[redacted]

2. **СЕ НАРЕДУВА на** Друштвото за производство трговија и услуги НЕВРО-КОМЕРЦ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Андон Шурков бр. 8/46 Велес, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-254 од 13.03.2026г. и тоа:

2.1 Да изврши генерално чистење на целиот простор од складиран отпад на начин со кој ќе се овозможи непречено вршење на дејноста. Отпадот од текстил и отпадот од пакување да се предаде на овластени постапувачи со кој е склучен договор, со пополнување на идентификациони и транспортни формулари.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

2.2 Да определи посебни места за времено складирање на отпадот (по видови), кој ќе се создаде во понатамошното вршењето на дејноста.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

2.3 Да изработи Елаборат за заштита на животната средина за вршење на дејноста производство на текстил, на локација ул. Андон Шурков бр. 8/46 Велес, во пропишана форма и содржина, во кој ќе ги утврди: влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии, како и да го достави на одобрување до надлежниот орган.
Рок: 90 (деведесет) дена од денот на приемот на решението.

3. Субектот на инспекциски надзор од точките 1. и 2 на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 14, 17 и 18 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и член 24 од Законот за животната средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши редовен инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Друштво за производство трговија и услуги НЕВРО-КОМЕРЦ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Андон Шурков бр. 8/46 Велес и состави Записник бр. 29-254 од 13.03.2026г., во кој е констатирано дека:

Субјектот на надзор врши дејност производство на текстил-постелнина и горна облека. За вршењето на дејноста дел од текстилот го увезува од Кина и Турција, а дел го набавува од државата. Како производител на текстил, субјектот на надзор е регистриран во Регистерот на производители со проширена одговорност кој се води кај Стручниот орган.

Субјектот на надзор изјави дека има склучено договор за превземање на обврските за отпадот од текстил со колективен постапувач ЕКО ТЕКС ГРУП ДОО Скопје, кој субјектот не го приложи при надзорот (а кој требаше да се приложи до 17.03.2026г.) Започнал да води евиденција за видот и количината за отпадот од текстил пуштен во државата во 2024г., но треба да провери во сметководство дали е платен надоместокот за 2024г. и 2025г. и до 17.03.2026г. да го извести ДИЖС. До рокот утврден во записникот документацијата не е доставена.

НЕВРО-КОМЕРЦ е увозник на текстилот и помошниот материјал кој е спакуван заради заштита при испорака/транспорт на материјалите. Оваа стока е спакувана во најлон, фолија, картон. Сите овие материјали се неповратни и завршуваат како отпад од пакување во државата. Производите кои ги пласира на пазарот во државата се исто така спакувани во поединечно и групно пакување. Како производител на спакувана стока, субјектот на надзор е регистриран во Регистерот на производители кој се води кај Стручниот орган.

Субјектот на надзор има склучено договор бр. 439/24 од 19.06.2024г. за превземање на обврските за постапување со отпадот од пакување (кој е создаден од спакуваните стоки) со колективен постапувач АЛПАК-ЕКО ДОО Скопје, не знае дали се води евиденција за видот и количината за отпадот од пакување пуштен во државата, во согласност со член 25 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Не знае дали е уплатен надоместокот, треба да провери во сметководство дали е платен надоместокот за 2024г. и 2025г. и до 17.03.2026г. да го извести ДИЖС. До рокот утврден во записникот документацијата не е доставена.

При надзорот, а со цел да се утврди постапувањето со отпадот од вршењето на дејноста се констатира дека пред влезот во производниот објект е складиран отпад од текстил и отпад од пакување (картонски кутии и хилзни) директно на земја на куп,

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

расфрлан, кој го блокира и дел од влезот во објектот и предизвикува нагрдување и неуреденост на просторот во урбаната средина, што е спротивно на член 37 од Законот за управување со отпадот.

[redacted]

При надзорот во внатрешноста на објектот во кој се врши производството се констатира дека објектот е пренатрупан со отпад, скоро до плафон, целосно исполнет со суровини и отпад од парчиња текстил, најлон, картон, со исклучително мал простор за манипулација и движење, заради што не постоеја елементарни услови записникот да биде изготвен на лице местото на надзорот. Општа констатација при надзорот е дека просторот каде се врши дејноста е хаотичен и преполн со отпад. Согласно член 41 од Законот за управување со отпадот: Отпадот се складира на места кои се технички опремени за привремено складирање на отпадот, на локации на создавачот на отпадот, во местата за собирање, претоварни станици и други локации за собирање во согласност со овој закон.

Согласно член 50 став 1 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад, правните и физичките лица кои при вршење на својата регистрирана дејност поседуваат отпаден текстил се должни истиот да го предадат на собирач на отпадни производи или во инсталација за преработка на отпаден текстил, која има соодветна дозвола согласно со прописите за управување со отпад. Во текот на инспекциската постапка субјектот на надзор достави склучен договор со овластен постапувач ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес од 17.03.2026г.

Согласно член 30 став 3 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, субјектите кои со нивната дејност поседуваат отпад од пакување се должни да го предадат собраниот отпад од пакување без да го модифицираат истиот на собирач или оператор за управување со отпад кој претставува дел од колективен постапувач, со задолжителен транспортен и идентификациоен формулар согласно со прописите за управување со отпад.

Ваквото управување со отпадот, спротивно на прописите се должи и на фактот што субјектот на надзор за влијанијата врз животната средина од вршењето на дејноста – Производство на текстил, нема изработено/не поседува Елаборат за заштита на животната средина кој е одобрен од Надлежен орган – градоначалникот на општината, а на предметната локација ја врши дејноста од 2016г.

Дејноста припаѓа во Прилог 1, Глава V од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината ("Службен весник на РМ" бр. 80/09, 32/12). Согласно член 24 став 6 од Законот за животната средина субјектот на надзор е

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

должен да изработи Елаборат за заштита на животната средина во кој ќе ги утврди: - влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, - усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии.

[redacted]

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци од работењето на субјектот на инспекцискиот надзор:

- субјектот на надзор нема изработено Елаборат за заштита на животната средина за вршењето на дејноста Производство на текстил кој ќе биде одобрен од надлежен орган, што не е во согласност со член 24 став 6 од Законот за животната средина,

- договорно не го уредил постапувањето со отпадот од пакување кој се создава од вршењето на дејноста согласно член 30 став 3 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување,

- врши постапување со отпадот создаден од вршењето на дејноста без должно внимание и на начин спротивен на член 37 став 1 и член 41 став 1 од Законот за управување со отпадот,

- нема доставено доказ за извршена уплата на надоместокот кон колективните постапувачи за текстил и спакувана стока за 2024 и 2025г., во зададениот рок од записникот.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такси.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243